- проверување на метеоролошката ситуација и ситуацијата на аеродромот, леталиштето или теренот пред почетокот на летањето;
- одлучување за почетокот, прекинот или завршувањето на летањето;
- одржување на ред и дисциплина на аеродромот, леталиштето или теренот;
- проверување на пилотот дали поседува соодветна дозвола/овластување;
- преземање мерки во случај кога воздухопловот или опремата е неисправна;
- преземање на мерки према лицето за кое ќе оцени дека психички или физички не е способно да лета, е под дејство на алкохол, дрога или психотропни супстанци, ги крши правилата на летање или на друг начин ја загрозува безбедноста на летањето и
- други работи поврзани со подготовка и организација на натпреварот.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1209/3
23 август 2016 година
Скопје

Агенција
за цивилно воздухопловство,
**Горан Јандреоски**, с.р.

---

**3846.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИ И НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

Член 1

Во Правилникот за услови и начин на организирање на воздухопловни манифестации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/12), во членот 30 точката 2 се менува и гласи:

„2. Име и презиме на раководителот на летање кој ќе раководи и координира со летачките активности при подготовка и реализација на воздухопловната манифестација и кој треба да ги исполнува условите од член 19 став (2) на Правилникот за посебните услови, начинот и правилата за организирање на натпревари.“

Член 2

По членот 30 се додава нов член 30-а кој гласи:

„Член 30-а

Координацијата со активностите поврзани со подготовката и реализација на воздухопловната манифестација која ја врши раководителот на летање од член 30 точка 2 на овој правилник опфаќа:

- проверување на метеоролошката ситуација и ситуацијата на аеродромот, леталиштето или теренот пред почетокот на летањето;
- одлучување за почетокот, прекинот или завршувањето на летањето;
- одржување на ред и дисциплина на аеродромот, леталиштето или теренот;
- проверување на пилотот дали поседува соодветна дозвола/овластување;
- преземање мерки во случај кога воздухопловот или опремата е неисправна;
- преземање на мерки према лицето за кое ќе оцени дека психички или физички не е способно да лета, е под дејство на алкохол, дрога или психотропни супстанци, ги крши правилата на летање или на друг начин ја загрозува безбедноста на летањето и
- вршење на други работи поврзани со подготовка и реализација на воздухопловната манифестација.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1209/4
23 август 2016 година
Скопје

Агенција за цивилно
воздухопловство,
**Горан Јандреоски**, с.р.

## НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3847.**

Врз основа на член 11 став (4) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр.55/07, 86/08; 139/09 и 135/11), Претседателот на Нотарската комора на Република Македонија на ден 5.9.2016 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА**

1. На именуваните нотари:

- Иљхам Исмани - нотар за подрачјето на основните судови на градот Скопје,
- Вјолца Мехмеди - нотар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар,

како ден за почеток за работа се определува 9 септември 2016 година.

2. Решението стапува во сила веднаш со неговото донесување;

3. Решението да се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1485/2
5 септември 2016 година
Скопје

Нотарска комора на РМ
Претседател,
**Зорица Пулејкова**, с.р.